Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров **го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на **Архитектонско урбанистичкиот проект за формирање на градежна парцела со намена Б3-големи угостителски единици на КП 2936 и КП 2937, КО Кучково , Општина Ѓорче Петров, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**Површината на проектниот опфат е идентичен со површината на оформената ГП 24. 1 - градежна парцела со АУП од предметните КП 2936 и КП 2937- КО Кучково ,Општина Ѓорче Петров, дека Општина Ѓорче Петров , изнесува 6.081,94 м$^{2.}$** Границите на проектен опфат се поклопуваат со границите на **КП 2936 и КП 2937, КО Кучково , Општина Ѓорче Петров - Скопје**.

- **Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 02.05.2017год.** до **08.05.2017год.**, **согласно објавата во Соопштението .**
- **Архитектонско урбанистичкиот проект** ќе биде изложен во просториите **на Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој** во период од 5 работни дена секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила **"Утрински весник" и „Вест", на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk и во информацискиот систем е -урбанизам.**
- **Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от, ќе се одржи на 04.05.2017год. (четврток) во 13$^{00}$ часот** во просториите на Општина Ѓорче Петров во **Одделение за планирање и уредување на просторот.**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на Општина Ѓорче Петров - **Одделение за планирање и уредување на просторот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и во писмена форма.

**Број 09-1253/2**
**од 28.04 .2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ